МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ**

Број:11- 4217/3
Датум: 21.06.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Во врска со Вашето барање доставено до Општина Карпош за изведување на приклучок на фекална канализација,атмосферска канализација и водоводна мрежа за објект на ул.“Анкарска“ бр.16, Ве известуваме за следното:

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 01.06.2022 година изврши увид на лице место на ул.“ Анкарска “ бр.16 по барање на инвеститор ГЛ Груп Менаџмент ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул.“2ра Бригада” бр.3 Кавадарци за изведба на приклучок на фекална канализација, атмосферска канализација и водоводна мрежа.

Постапувајки по Вашето барање, од извршениот увид на лице место и врз основа на приложените решенија бр.31664 од 05.05.2022година за времен атмосферски приклучок, бр.31661 од 05.05.2022година за времен водоводен приклучок и бр.31662 од 05.05.2022година за времен фекален приклучок издадени од ЈП Водовод и канализација, констатирано е дека постојат технички услови за изведување на бараните приклучоци.

Фекалната и технолошките води од објектот се предвидува да се одводнат преку постојна улична фекална канализациона мрежа Ф300мм,со профил на фекален приклучок Ф 200мм во должина од 2,5м.

Атмосферските води од објектот и припадните површини се предвидува да се одводнат преку постојна улична атмосферска канализациона мрежа Ф=300 мм со профил на атмосферски приклучок Ф=200 мм во должина од 0,5 м.

Имено според утврденото техничко решение приклучувањето треба да се изврши на улична водоводна мрежа (Ф=80 мм) со профил на водоводен приклучок од цевки Ф 6/4“ во должина од 6м.

За горе наведените приклучоци по решенијата за времени приклучоци предвиден е да се изведе ископот на ровот за фекален и атмосферски приклучок со попречен прекоп на алфалтната подлога на ул.“Анкарска“ бр.16 со должина од L=2,5м , и за водоводен приклучок да се помине ул.“Анкарска“ бр.16 со бушење до постоечка шахта.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр.09-3199/8 од 20.04.2022 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за попречен прекоп на асфалтна подлога да уплати износ од 8.850,00 денари со вклучено ДДВ.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ**

Инвеститорот се задолжува да обезбеди непречено и безбедно одвивање на сообраќајот и пешаците со сите потребни означувања,а прекопот да го врати во првобитна состојба.Подлогата по положување на цевките да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од асфалтна подлога да се транспортира до депонија,да се постави ситен песок околу цевките,останатиот дел од ровот да се исполни со тампон кој што ќе се набие во слоеви и завршно попречниот прекопот на улицата да се асфалтира со АБ 11 д=5см .

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на новите приклучоци, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали истиот е квалитетно завршен.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Тома Мандилоски

Љубомир Тодевски